УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 980/22
10 ноември 2022 година
С к о п ј е

Врз основа на член 15 став 1 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година и Су.бр.70/22 од 24 јануари 2022 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 ноември 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за избор на кандидати

За извршители на работното место - советник на Судот за стручно-аналитичка работа се избираат кандидатите:

- Марина Пеливанова Димовска,
- Ненад Миноски,
- Сања Гелевска-Трајчевски и
- Екрем Халимовски.

## О б р а з л о ж е н и е

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 8 октомври 2022 година објави Јавен оглас бр.1/22 во два дневни весници („Нова Македонија“ и „Коха“) и на интернет страницата на Уставниот суд, за вработување на неопределено време на работното место - советник на Судот за стручно-аналитичка работа во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија (четири извршители).

Комисијата за организациони и кадровски прашања на 20 октомври 2022 година изврши административна селекција на поднесените пријави за што беше составен Записник од извршена административна селекција на поднесени пријави за вработување на неопределено време Су.бр.911/22 од 20.10.2022 година.

На 25 октомври 2022 година, Комисијата спроведе стручен испит заради проверка на стручноста, знаењата и вештините на кандидатите, а на 26 и 27 октомври 2022 година, спроведе интервју каде преку ситуациони и стручни прашања беа проверени потребните работни вештини и знаења за работното место за коешто аплицирале кандидатите.

Врз основа на спроведената постапка и резултатите од истата, Комисијата состави Извештај за спроведената постапка за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со ранг листа на кандидати и предлог за избор на кандидат за секое работно место Су.бр.927/22 од 31.10.2022 година.

Согласно член 15 став 1 од Правилникот, а врз основа на доставениот предлог од страна на Комисијата, Судот донесе одлука за избор на кандидати како што е наведено во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на на сајтот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска